Република Северна Македонија

Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 11-1290/90

Дата: 19.10.2020 година

Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 66
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина „Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Општина Кавадарци, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ за ДУП за УЕ 6, за дел од Блок 6.11, „Јасмин под Стадион" КО Кавадарци град - Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД: 2020 – 2025, кој се носи согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 217/15, 31/16 и 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка за урбанистички планови (Сл.весник на РМ" бр.142/15 ) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно чл. 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Кавадарци,http:www.kavadarci.gov.mk/.**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животната средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУП за УЕ 6, за дел од Блок 6.11, „Јасмин под Стадион" КО Кавадарци град - Општина Кавадарци, ПЛАНСКИ ПЕРИОД : 2020 – 2025 нема да има влијание врз животната срединна.
4. Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и

[redacted]

животот и здравјето на луѓето.

5. Против овaa одлука може да се поднесе жалба до Одделението за урбанизам на Општина Кавадарци во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Арх.Бр. 11-1290/9

Дата: 19.10.2020 година
Кавадарци

Република
Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито 6б
1430 Кавадарци,
Република
Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130
Факс 043/416-130

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
**М-р Митко Јанчев**